Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-1892/1
17. 07. 2020 2020 година
Скопје

Врз основа на член 77 став 1 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ"24/19 ) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), заменик министерот по овластување на министерот за правда донесе

# О Д Л У К А

**за јавна набавка на услуга - Набавка на услуги за резервација на авио билети и организација на специјални летови за екстрадиција за потребите на Министерството за правда**

1. За потребите на Министерството за правда се спроведува поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна **набавка на услуги за резервација на авио билети и организација на специјални летови за екстрадиција за потребите на Министерството за правда.**

2. Предметот на јавната набавка е **неделив.**

3. За реализација на набавката од точка 1 од оваа Одлука се потребни средства во износ од 4.100.000,00денари, без ДДВ, и ДДВ од 18% во износ од 738.000,00 денари или вкупно со ДДВ 4.838.000,00 денари.

   Средствата се обезбедени од Буџетот на Министерството за правда за 2020/2021 година, а плаќањето ќе се врши од редовната буџетска сметка на Министерството за правда 637, програма 10-администрација, ставка 426 – други тековни расходи.

4. **Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка**

Digitally signed by
Oliver Ristovski
Date: 2020.07.17
10:43:09 CEST

Јавната набавка од точката 1 на оваа Одлука, ќе се спорведе согласно член 49 од Законот за јавните набавки, односно со спроведување на поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги за резервација на авио билети и организација на специјални летови за екстрадиција за потребите на Министерството за правда, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-Аукција), и ќе заврши со електронска аукција, согласно Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19) како последна фаза.

5. Критериум за избор на најповолен понудувач, согласно член 99 од Законот за јавните набавки, е економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на **најниска цена** понудена по спроведената електронска аукција преку ЕСЈН.

6. За реализирање на оваа постапка нема да се ангажираат надворешни стручни лица.

7. За целосна реализација на постапката се формира Комисија за јавни набавки при Министерството за правда во состав:

| | |
|---|---|
| - **Претседател:** | Петар Мирковиќ |
| - Членови: | Абдула Мавмути |
| | Даниела Дончевска |
| - **Заменик претседател:** | Ацо Живковски |
| - Заменици на членови: | Гордана Милевска |
| | Вљора Јусуфи |

8. Се задолжува Комисијата од точката 7 од оваа Одлука во целост да ја спроведе и реализира постапката за јавната набавка со доделување на договор за јавна набавка согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година Министерство за правда има планирано, согласно член 75 од Законот за јавните набавки, спроведување на постапка за набавка на услуги за резервација на авио билети и организација на специјални летови за екстрадиција за потребите на Министерството за правда.

Предметот на набавката е неделив, бидејќи за извршувањето на услуга од овој вид не е целисходно истата да биде делива, со оглед на тоа што услугата која е предмет на набавката може да биде понудена и извршена од страна на еден ист економски оператор.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

по овластување на Министерот за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Доставено до:

- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

Подготвила: Марина Миновска. - советник
Одобрила: Убавка Машевска Скаловска - раководител на сектор